**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 14.10.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, д-р Методија Јанчески, Зоран Фиданоски и Селвер Аједини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, м-р Горјан Шеќеринов.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та Седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски во врска со предложениот дневен ред објасни дека насловот на Точка бр.3 - Предлог-одлука за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер, поради причините што се објаснети на 7та Јавна седница се менува и ќе гласи „Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер". Појасни дека наместо одземање на дозвола ќе има предлог за запирање на постапката.

Советот на Агенцијата, со измена на насловот на Точка бр.3, едногласно, со 7 гласа „за" го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.10.2020 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.10.2020 година.
3. Предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер.

4. Предлог-одлука за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово.
5. Предлог за изрекување мерка на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
6. Предлог за изрекување мерка на Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
7. Предлог за изрекување мерка на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ
9. Предлог за изрекување мерка на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
10. Предлог за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока, за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки.
11. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила.
12. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Јанчески го усвои Записникот од 6-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.10.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и два воздржани гласа од г-дин Фетаи и г-дин Јанчески го усвои Записникот од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 07.10.2020 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар го образложи Предлог-решението за запирање на покренатата постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер. Објасни дека согласно Законот за општа управна постапка, кога постапката е поведена по службена должност јавниот орган може да ја сопре. Наведе, како што беше кажано и во дискусијата, во текот на вчерашниот ден стигната е Изјава од управителот на трговското радиодифузно друштво. Покренатата постапка веќе беше започната, меѓутоа во Изјавата управителот бараше таа да послужи

во постапката за престанок на важноста на дозволата по сила на закон. Во таа насока е изработено предлог-решение за запирање на покрената постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување на радиодифузер и е доставено во материјалот.

Г-дин Петрушевски рече дека дел од членовите на Советот очекувале дека вака ќе се одвиваат работите бидејќи биле скептични дали медиумот ќе продолжи да работи. Објасни дека навистина му е жал за ваквата состојба бидејќи за многу краток период ова е веќе втор медиум кој што згасна од финансиски или други причини.

Советот на Агенцијата едногласно донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид, бр.08-54 од 05.01.2015 година, по Предлогот бр.08-366 од 30.09.2020 година, врз основа на Изјавата бр. 08-3616/3 од 13.10.2020 од Јован Трпески од Охрид - управител и единствен основач/сопственик на радиодифузерот - ТРД Јован Трпески ТВ МОРИС ДООЕЛ Охрид со која известува дека престанува со емитување на телевизиски програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Охрид и општина Дебарца, а согласно член 85 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи д-р Андриана Скерлев Чакар ја образложи Предлог-одлуката за неуспешен јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово. Објасни дека на 13.08.2020 година беше поднесено писменото барање од заинтересираната страна, а тоа е Универзитетот од Тетово. Врз основа на Барањето беше распишан нов јавен конкурс бидејќи ваков конкурс беше распишан и претходно. Потоа Советот на седница донесе одлука за објавување на конкурсот со рок за доставување на документација од 45 дена. Во тој рок заклучно со 08.10.2020 година не беше доставена ниту една пријава. Меѓутоа на 06.10.2020 година на официјалната меил адреса на Агенцијата од Универзитетот од Тетово стигна пошта во кој беше објаснето дека поради отежнатите околности и поради пандемијата со Ковид-19 Универзитетот не е во можност да ја комплетира целосната документација односно дека според нив тоа е причината поради која што не аплицирале. Поради тоа, а согласно ЗААВМУ кога нема примено ниту една пријава која ги исполнува утврдените услови, се носи одлука дека конкурсот не е успешен.

Г-дин Фетаи пред да започне со дискусија најави дека има слаба интернет конекција. Во врска со точката објасни дека го слушнал образложението од раководителката Скерлев Чакар во смисла на причините зошто Универзитетот од Тетово не ја реализирал идејата за непрофитно студентско радио. Рече дека не навлегува во нивните планови, но изрази жал што тие не успеале да ја реализираат нивната желба и идеја што би било позитивно за нив и за студентската популација. Како второ рече дека ќе даде признание и почит кон

доблеста, позитивниот пристап и енергија што Агенцијата како регулатор, Стручната служба и Советот, од почетокот на нивното ангажирање и изразување на желба на Универзитетот да имаат непрофитно студентско радио, сите сериозно пристапиле, позитивно ја сфатиле задачата на нивната идеја и сметале дека тоа би било збогатување на медиумскиот простор и подобро информирање на студентите за активностите на Универзитетот. Агенцијата беше на ниво на задачата и уште еднаш рече дека жали за ваквата ситуација со оглед на вложениот труд за реализација. Овој конкурс се објавува по втор пат на иницијатива на Универзитетот и по втор пат Агенцијата, Стручната служба и Советот им излегоа во пресрет. Иако имаше одредени трошоци и ангажмани но секако дека ќе остане забележано во архивата на Агенцијата и во Записниците од седници дека овозможиле, дозволиле со одредена фреквенција Универзитетот од Тетово да имаат едно вакво радио. За овој неуспешен Јавен конкурс се надеваат дека причината е пандемијата со Ковид-19 што е можно, но ќе се види во иднина можеби некој друг состав на Универзитетот ќе ја реализира според него ваквата убава идеја што и самата Анализа на пазарот покажа дека такво радио е потребно и би било добро да функционира. Бидејќи е вработен во Универзитетот се заблагодари на солидарноста и разбирањето дека како членови на Советот во ниеден момент немале дилема околу тоа и се направиле што било во нивна можност. Потсети дека на минатата седница се коригираа и некои параметри околу одредени изјави кои требаа да бидат на нотар заверени сè со цел да се доведе до пореална ситуација реализирањето на оваа идеја.

Г-дин Петрушевски изрази надеж дека следната година на светско ниво ќе има вакцина или лек, или пак двете работи, и дека покрај другите работи што ќе се средат и Универзитетот ќе биде во подобра состојба и оваа идеја ќе ја продолжи.

Г-дин Ајдини рече во записникот да се наведе дека неколку пати кај г-дин Фетаи имаше прекин во тонот поради слабата интернет конекција. Во врска со точката рече дека би било најидеално за овој случај да се молчи и дека искрено не ги оправдува. Веројатно Универзитетот има свои причини можеби и некоја трета причина која членовите на Советот не ја знаат, но сепак и тој како и г-дин Фетаи наведе дека Советот се однесуваше и се однесува професионално без разлика како другите настапуваат или се однесуваат кон нив.

Г-дин Фиданоски рече дека во овој случај работата е јасна, меѓутоа од формален аспект рече дека ќе праша нешто и ако е можно некој од колегите пред се очекува од г-дин Фетаи ако е во можност да одговори. Не е спорна потребата Универзитетот да има непрофитно студентско радио што ќе ја покрива работата во тетовскиот регион, но пред се за потребите на Универзитетот во Тетово. Во неколку наврати дискутирале дека е потребно, не е спорна ни волјата за доделување дозвола, меѓутоа наведена причината поради која не се во можност е пандемијата со Ковид-19. Во дискусијата беше кажано дека Агенцијата, Стручната служба и Советот покажаа и волја и желба и трпение и корекции, па праша што е тоа конкретно со Ковид-19, дали знаат нешто подетално, дали се финансиски причини, дали недостаток на кадар во функционирањето или направиле погрешна пресметка колку ќе ги чини па произлегло дека поинаку ќе ги чини па затоа се откажуваат?

Г-дин Фетаи рече дека верува на причините кои ги доставил Универзитетот од Тетово на службениот меил. Можеби некој од кабинетот не е во можност документите да ги донесе поради заболеност од Ковид-19, но нема такви информации и можеби нешто е

сериозно. Инаку тие изразија желба и затоа има и меил, постои и Меморандум за соработка помеѓу Агенцијата и Универзитетот во Тетово. Тие се свесни за идејата дека студентската популација односно студентите од новинарство би имале пракса. Не знае за причините и не сака да се шпекулира зошто не аплицирале и рече дека треба да се прифати онака како што испратиле. Како што кажал и г-дин Петрушевски ќе дојде вакцината за Ковид-19 па ќе се види дали ќе одат понатаму со пројавениот интерес.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за неуспешен Јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис, наменет за студентската популација, на подрачјето на општина Тетово, на локално ниво, на албански и македонски јазик, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, и тоа: 107.2 MHz., објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитна радиодифузна установа за радио емитување на програмски сервис на локално ниво Уп1 бр.08-320 од 19.08.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.206/20) поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави по предметниот конкурс, односно заклучно до 08.10.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски и предложи на раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска Точките 5 и 6 и Точките 7 и 8 да ги образложи во две групи затоа што се работи за прекршување на исти членови од Законот а по образложението за секој медиум да се гласа посебно.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека сите предложени извештаи во дневниот ред се од редовните програмски и административни надзори реализирани во септември оваа година. Кај Скај радио и кај Радио Урбан ФМ е констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Станува збор за обврските за објавување импресум односно обврските радиодифузерите да ги идентификуваат авторите што учествуваат во подготовката на аудио содржините, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник/уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудио делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Кај Скај Радио е констатирано дека во повеќе изданија на вести ниту на најавна ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресум. Истото не е направено ни во емисијата „Утринска програма" емитувана на 7 септември кога е реализиран надзорот. Кај Урбан ФМ Радио импресум не е објавен исто така во повеќе изданија на вести и во неколку програмски целини како „Светот на дланка на Урбан ФМ", „Сит и фит на Урбан ФМ" и „Урбан драјв". За двата радиодифузери се предлага изрекување на мерка јавна опомена со рок за усогласување од 45 дена од денот

на приемот на решението и потоа да се изврши контролен надзор со цел да се утврди дали субјектите на надзорот ќе се усогласат во определениот рок. Наведе дека само Урбан ФМ од радио станиците кои денес се разгледуваат, достави изјаснување по извештајот во кој велат дека во целост го прифаќа извештајот и дека веднаш постапиле по наведените забелешките.

***гласање по Точка 5***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-3598/1 од 30.09.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, и во согласност со точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи во рок од 45 дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје, на 7 септември 2020 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***гласање по Точка 6***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-3600/1 од 30.09.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми, и во согласност со точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година му наложи во рок од 45 дена по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми, програмскиот сервис на Трговско радиодифузно друштво УРБАН ФМ РАДИО ДООЕЛ Скопје, на 7 септември 2020 година, во дел од емитуваните програми, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 7 и 8**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека членот 80 од ЗААВМУ се однесува на доброволно прифатената обврска од радиодифузерите да емитуваат домашна музика. Скај Радио на почетокот од годината ја извести Агенцијата дека дневно ќе емитува 15% музика на македонски јазик. Со редовниот програмски надзор е констатирано дека во анализираниот ден емитувал 14% музика и дека во периодот од 6 до 00 часот, како што пропишува точка 4 од Насоките донесени од Советот на Агенцијата, емитуваше 2 часа 19 минути и 41 секунда вокално-инструментална музика на македонски јазик, што е 10.55% од вкупно емитуваната музика во анализираното денонoќие. Според Точка 4 од Насоките е пропишано дека Радио програмските сервиси се должни пријавениот процент музика на македонски и на јазиците на етничките заедници, да го емитуваат на дневно ниво, во периодот од 6 часот до 00 часот. Кај Радио Зона М-1 станува збор за истиот прекршок. Радиодифузерот на почетокот од годината извести дека ќе емитува 30% музика на македонски јазик но со надзорот е констатирано дека емитува повеќе од 30% во анализираното денонoќие што е 39.17% од вкупно емитуваната музика. Меѓутоа во периодот од 6 до 00 часот, како што пропишува точка 4 од Насоките донесени од Советот на Агенцијата, емитуваше 6 часа 45 минути и 15 секунди вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од автори од Република Северна Македонија, што е 29.22% од вкупно емитуваната музика во анализираното денонoќие. За двата радиодифузери е предложено изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена од денот на приемот на решенијата и потоа да се изврши контролен надзор за да се провери дали радиодифузерите ќе се усогласат по изречената мерка.

Г-дин Петрушевски посочи дека како што приметил г-дин Ајдини дека кај г-дин Фетаи имаше прекин во аудио преносот, истото се случи и кај раководителката Јаневска. Можеби рече во снимката за седницата заради записникот ќе биде добар тонот но останува за наредната седница за да не се повтори оваа ситуација да се провери компјутерот на Јаневска или интернет врската.

***гласање по Точка 7***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.10-3614/1 од 30.09.2020 година и во согласност со член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ -

Скопје и му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

Секторот за правни работи да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Доколку со контролниот надзор се утврди дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по изречената мерка јавна опомена, Советот на Агенцијата во согласност со точка 13 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година) ќе донесе решение со коешто ќе го задолжи Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ - Скопје, да го доплати износот за којшто на почетокот од годината му беше намален надоместокот за дозвола за 2020 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

***гласање по Точка 8***

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.10-3615/1 од 30.09.2020 година и во согласност со член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно донесе решение за изрекување мерка јавна опомена Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана ДООЕЛ Скопје и му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

Секторот за правни работи да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Доколку со контролниот надзор се утврди дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по изречената мерка јавна опомена, Советот на Агенцијата во согласност со точка 13 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година) ќе донесе Решение со коешто ќе го задолжи Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЗОНА М-1 Светлана

ДООЕЛ Скопје, да го доплати износот за којшто на почетокот од годината му беше намален надоместокот за дозвола за 2020 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 9**

Раководителката Јаневска објасни дека член 51 став 1 од ЗААВМУ се однесува на обврската на радиодифузерите да им овозможат на своите корисници лесен, директен и постојан пристап на полното име на давателот на аудио медиумската услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело. Со надзорот реализиран на 7 септември е констатирано дека Скај Радио не ја исполнува оваа обврска. Предложено е изрекување мерка јавна опомена со рок за усогласување од 30 дена од приемот на решението и потоа да се изврши контролен надзор.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор бр.10-3596/1 од 30.09.2020 година и едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ – Скопје за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 7 септември 2020 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 10**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за донесување на одлука за набавка на стока, за потребите на Агенцијата, со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки. Објасни дека законот за јавни набавки дава можност без да се

применат одредбите од овој закон да се набави определена стока или услуга со вредносни прагови од 999 евра во денарска противвредност. Оваа набавка влегува во тој износ. Станува збор за изработка на паравани изработени од плексиглас кои ќе бидат сместени во канцеларии каде има повеќе вработени со цел да се обезбеди поголема заштита на вработените од ширење на Корона вирусот. Објасни дека е доставена и одлука на увид во која е наведено правното лице кое се избира поради прифатлива понуда и е во определениот лимит.

Г-дин Трајчев рече дека потребата за оваа набавката не е спорна поради состојбата со Ковид-19 и заштита на вработените. Рече дека има забелешка затоа што во предлогот до Советот стои правното лице кое се избира, а тие како членови на Совет не гласаат за изборот на правното лице. Советот треба да ја одобри потребата за набавка и затоа ова треба да биде коригирано и тргнато од предлогот. По одлуката од потреба Агенцијата понатаму одлучува со кого ќе склучи договор.

Г-дин Петрушевски се согласи дека во Одлуката стои правното лице и за оваа работа повеќе пати дискутирале. Едниот став е дека работат транспарентно а другиот став е на г-дин Трајчев дека сепак не треба да стои правното лице во самата одлука. Одлуката ја потпишува директорот, Советот не ја потпишува туку само дава одобрување за финансиските средства. Посочи дека секогаш било такво објаснувањето.

Г-дин Трајчев рече дека Советот дава одобрување а правното лице кое е избрано не треба да стои, треба да се избере понатаму.

Г-дин Петрушевски објасни дека правното лице стои во Одлуката која што ја потпишува директорот.

Г-дин Трајчев рече дека стои во предлогот кој Советот треба да го одобри. Советот секогаш дава одобрување за средствата за одредена набавка а не за правното лице кое не треба да стои во предлогот.

Г-дин Трајчевски се согласи дека може да се тргне правното лице ако членовите на Советот не се согласуваат.

Г-дин Петрушевски рече дека при читање на предлогот кој треба да се гласа нема да го спомне правното лице така што и во заклучокот кој ќе го потпише тоа нема да стои.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка на Паравани од плексиглас за потребите на Агенцијата со проценета вредност под вредносните прагови за примена на Законот за јавните набавки во износ од 50.813,00 денари без пресметан ДДВ.

Горенаведените средства се обезбедени од Финансискиот план на Агенцијата за 2020 година.

**Точка 11**

Раководителката на Службата за јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка-услуга:

Одржување и сервисирање на службени моторни возила. Објасни дека оваа набавка ќе се направи за временски период од 2 години а според износот на средствата кои се предвидени ќе се спроведе како набавка од мала вредност согласно одредбите од Законот за јавни набавки. Постапката е иницирана од надлежниот сектор и подетални податоци за набавката има во доставениот материјал.

Г-дин Петрушевски праша дали оваа набавка ќе се спроведе на начин колку ќе се набави толку и ќе се потроши?

Раководителката Митревска потврди и објасни дека износот на средства е планиран но не е задолжителен да се потроши. Тоа ќе зависи од конкретните потреби кои ќе се појават во текот на времетраењето на овој договор за јавна набавка. Колку ќе се расипуваат возилата толку и ќе се потрошат пари, односно нема обврска целиот износ да се потроши.

Г-дин Петрушевски рече дека има можност да падне проценетата вредност затоа што има повеќе помали вакви фирми кои ќе се јават и ќе се натпреваруваат.

Раководителката Митревска рече дека може да падне во однос на цената на работниот час инаку сумата е таа што е предвидена и не може да се надмине.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка–услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот–услуга: Одржување и сервисирање на службени моторни возила за 2 години е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2020 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-460/7 од 29.09.2020 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2020-та година.

**Точка 12**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3790/11**
**21.10. 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

____________________
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**